**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 05-1438/2
Датум: 28.06.2016 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 51 од Правилникот за внатрешните односи иработењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, и член 72 од Правилата за студирање на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје-Факултет за електротехника и информациски технологии–Скопје бр. 02-924/1 од 12.5.2015 г. а во врска со Известувањето од Институтот за електроника бр. 09-1438/1 од 24.06.2016 година, деканот донесе

# О Д Л У К А

за давање стипендии во прва година

1. Институтот за електроника на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје им дава стипендија (од расположливите средства на Институтот) во висина од надоместокот на школарината од 200 Евра, во денарска противвредност, на пет студенти пријавени за упис во прва година во учебната 2016/2017 година, на студиската програмата КХИЕ, кои при уписот ќе бидат највисоко рангирани.

2. На секој корисник на стипендијата утврдена во точка 1 му се издава посебно решение. Примерок од решението да се чува и во досието на студентот.

3. Примерок од одлуката да се достави до: Службата за студентски прашања, студентска огласна табла, веб страницата, продеканот за настава, сметководството и архивата на Факултетот.

Д е к а н
Проф. д-р Миле Станковски

Изработил:

Контролирал:
Раководител на сметководство

Одобрил:
Продекан за финансии